утрински Весник
Број 1587 понеделник, 16 октомври 2006



Powered by nextsense webBuilder
nextsense HOSTING SOLUTIONS hosting partner On.net Кога ти треба ИНТЕРНЕТ

КУЛТУРА

### ВАНГЕЛ КОЏОМАН 1904-2004

# СЛИКАР НА МАКЕДОНСКОТО ПОДНЕБЈЕ



Александар Димовски

Сто годишнината од раѓањето и десет годишнината од смртта на знаменитиот македонски сликар, еден од основоположниците на македонското современо сликарство и првиот македонски ликовен педагог со академско образование Вангел Коџоман, во Струга беа одбележани со промоција на монографијата "Вангел Коџоман" од Љубица Дамјановска што излезе во едицијата "Ликовна уметност" на ТНИД "Ѓурѓа" од Скопје.

Вангел Коџоман, според промоторот на монографијата, проф. д-р Борис Петковски, е извонредно талентиран сликар, откриен уште за време на Првата светска војна, од офицери на германската и бугарската армија. По војната ја завршил охридската гимназија и во 1924 година се запишал во Белград на Државната уметничка школа, каде што учи кај професорите Бета Вукановиќ, Љубо Ивановиќ, Илија Шобаиќ. Таму Коџоман стекнал високи академски знаења и создал дела со антологиска вредност во македонската ликовна уметност, серија актови, цртежи, акварели, масла, портрети, еден автопортрет, темел на она што се нарекува основање на македонското модерно ликовно творештво. Од 1928 до 1930 година го продолжил студирањето на двегодишниот академски курс за чиста уметност кај проф. Милан Миловановиќ. Кон крајот на школувањето бил на покус студиски престој во Италија. Во овој период Коџоман за прв пат се претставил пред белградската публика, кога како гостин излагал на "ИИ есенска изложба на сликарските и скулптурските дела на белградските уметници" во Уметничкиот павилјон "Цвиета Зузориќ", укажува авторот на монографијата, Љубица Дамјановска. Во делата се забележува дека внел низа моменти што некои големи уметници на ЦЦ век ги реализирале во своите творби и на тој начин, веќе пред војната, во македонската ликовна ситуација, во тоа многу тешко време под Кралството Југославија, во една ситуација која е многу неповолна за македонското поднебје, внесува европски дух, европски штимунг, европско размислување.

По враќањето од студиите во Белград, Вангел Коџоман се вработил во охридската гимназија, прво како суплент, а потоа и како професор. Тука престојувал сѐ до 1938-та година до кога и се бележи неговиот "Охридски период". Овој пат, Коџоман, повторно ги открива Струга, Охрид и луѓето кои што тука живеат и работат. За време на неговиот "Охридски период" настанале и денес значајните дела, "Мојата мајка" (1935), "Каменоресци" (1936), "Охридски полјак" (1937) и повеќе пејзажи од околината која го опкружувала. 1938-та година ја организирал својата прва самостојна изложба во друштвото "Јефимија" во Скопје по што заминал во Белград каде што се вработил во ВИИ машка гимназија и останал сѐ до 1945 година кога завршува неговиот "Белградски период". По доаѓањето во Белград, Коџоман често сликал струшки и охридски мотиви, но и мотиви поврзани со Белград. Низ неговиот автопортрет од 1940 година работен во постимпресионизмот, покажува дека ликовно размислува во духот на еден од суштествените правци во уметноста во ЦЦ век - истакнува проф. д-р Борис Петковски.

Во октомври 1944 година, станал воен сликар со должност "шеф на Одделот за пропаганда при Главниот штаб на Македонија за ширење на ликовната уметност во војската и народот" на која останал шест месеци, до први јуни 1945 година. Откако бил демобилизиран, кон крајот на септември 1945 дошол во ослободеното Скопје каде што се вработил како професор во Средната художествена школа која во 1948-та го добива називот Училиште за применета уметност. како што вели Дамјановска, посебно значајна е неговата улога во поставувањето на основите и во развојот на ликовната педагошка мисла во Македонија. Тој е прв ликовен педагог со академско образование, уште во периодот меѓу двете светски војни, и три децении во некогашна Југославија.

bestnet
Telekabel
EXPLORINGMACEDONIA.COM NATIONAL TOURISM PORTAL
ЖИВО НАСЛЕДСТВО македонија www.zivonasledstvo.org.mk
ИМАТЕ ГЛАВОБОЛКИ? ТАХИКАРДИЈА?
АЛКАЛОИД а.д.
WebSearch Keywords: Вести
граѓански СВЕТ граѓанското општество
Antenna5.FM

Од 1950 година навлегува во неговата "творечка зрелост" кога паралелно ја врши педагошката дејност, но и веќе како зрел творец постојано е присутен во ликовните случувања во Македонија. Тој како еден од основачите на ДЛУМ и долгогодишен член на управата на ова здружение учествувал на сите изложби организирани во Македонија и другите центри на тогашна Југославија. Во 1953 година заедно со Личеноски и Мартиноски ја претставувал македонската ликовна уметност на големата изложба "Половина век на југословенското сликарство, 1900-1950" во Модерната галерија во Загреб.

Вангел Коџоман во понатамошното творење го продолжил континуитетот на неговото дотогашно сликарство. Во 1958 година од минатиот век во Скопје ја прави ретроспективата по повод 15 години од неговото ликовно творештво и на таа изложба се прикажани неговите најзначајни дела, а во 1976 година во Музејот на современи уметности во Скопје на голема ретроспективна изложба прикажан е селективен избор на неговото богато творештво. Коџоман, во 1974 година во Струга отворил постојана тематска изложба - легат "Струга во минатото" која што е сместена во Галеријата "Коџоман", со околу 30 масла и акварели. Во 1975 година бил избран за дописен, а од 1981 станал редовен член на МАНУ. Починал пред десет години во Скопје.

Со организирањето на оваа промоција Струга се приклучи кон одбележувањето на годишнините на овој наш значаен творец, а Народниот музеј "Д-р Никола Незлобински" и кон манифестацијата "Денови на европското културно наследство".

ХОСТИРАМЕ И РЕГИСТРИРАМЕ WEB СТРАНИЦИ

абер www.aber.net.mk

XML

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани